Република Северна Македонија
Општина Охрид
Единица на локалната самоуправа
Бр. 09-4850/1
14.05.2021
ОХРИД

Република Северна Македонија
**Општина Охрид**

Сектор за Туризам и Локален економски развој

Одделение за Локален Економски Развој

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

ОПШТИНА ОХРИД

Согласно Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2021 година („Службен гласник на општина Охрид "бр.09-11545/59 од 29.12.2020) и Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на општина Охрид за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Охрид за купување велосипед во 2021 година со бр.08-4086/11 од 28.04.2021 година, општина Охрид објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**

**за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Охрид за купување велосипеди во 2021 година**

**1. Опис на јавниот повик**

1.1. Општина Охрид, со цел да ги стимулира жителите на општина Охрид за користење на велосипеди, на граѓаните кои купиле или ќе купат нов велосипед во Република Северна Македонија од 01.01.2021 година се до завршување на јавниот повик – 21.05.2021 до 16:00ч, ќе им надомести дел од трошоците направени при купување на велосипед.

1.2. Средствата што општина Охрид ќе ги субвенционира се во износ од

- 70% од вредноста на велосипедот, но не повеќе од **8.500,00** денари по лице, со вклучен персонален данок на доход, **за невработените лица, лицата кои имаат право на социјална парична помош или лицата кои се приматели на постојана социјална помош.**
- 50% од вредноста на велосипедот, но не повеќе од **6.000,00** денари по лице, со вклучен персонален данок на доход, за лица кои се во **работен однос и чии месечни нето приходи не ја надминуваат просечната месечна исплатена нето-плата за месец февруари 2021 г, во износ од 27.948,00 мкд.**

**2. Право на учество на Јавниот повик имаат:**

Право на учество на Јавниот повик има секое физичко лице кое ќе ги исполнува следните услови:

- да е жител на општина Охрид;
- досега да нема искористено субвенција за купување на велосипед од друг извор на финансирање или од општина Охрид;
- новиот велосипед да е купен во нашата држава со датум од 01.01.2021, се до завршување на јавниот повик;
- да е невработено лице/ да е лице кои имаат право на социјална парична помош и кои се приматели на постојана социјална помош или да е вработено лице кое **нема** месечни нето приходи повисоки од просечната месечна исплатена нето-плата за месец февруари 2021 година во износ од 27.948,00 мкд.

**3. Право на учество на Јавниот повик немаат:**

- Вработени во општина Охрид и нивното потесно семејство(лица кои се во брачна заедница со вработенота лице во општина Охрид и нивните деца. Роднини по крв во права линија – татко, мајка )
- Вработени лица кои имаат месечни нето приходи повисоки од просечната месечна исплатена нето-плата за месец Февруари 2021 г, во износ од 27.948,00 мкд.

Република Северна
Македонија
**Општина Охрид**

Сектор за Туризам и Локален економски развој

Одделение за Локален Економски Развој

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

**4. Начин на пријавување на Јавниот повик**

4.1.За надоместување на дел од трошоците и докажување дека условите за учество на Јавниот повик се исполнети, барателот до општина Охрид треба да достави:

- Барање за субвенција за купување на еден велосипед (Барањето може да се подигне во архивата на општина Охрид или да се обезбеди од интернет страницата на општина Охрид: www.ohrid.gov.mk);

- Изјава дека барателот е жител на општина Охрид, дека до сега нема искористено субвенција за купување на велосипеди од општина Охрид или друг извор на финансирање и дека не е вработен во општина Охрид (ниту дека е член на потесно семејство на вработен во општина Охрид).
  Изјавата е достапна на интернет страницата на општина Охрид: www.ohrid.gov.mk);

- Оригинал и фотокопија од фискална сметка или фактура со извод од банка дека е извршена уплатата;

- Невработените лица да доставата документ (потврда) дека се невработени;

- Лицата кои имаат право на социјална парична помош и лицата кои се приматели на постојана социјална помош да достават соодветен документ (потврда) од Центарот за Социјлна Работа Охрид;

- Лицата кои се во работен однос да достават потврда (или извод од банка) не постара од 6 месеци со која ќе се докаже висината на месечните нето примања.

4.2. Едно лице може да поднесе само едно барање за добивање на субвенција за купување на велосипед.

4.3 Едно семејство може да поднесе само едно барање за добивање на субвенција за купување на велосипед.

4.4. Барањата за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Охрид за купување велосипеди во 2021 година, заедно со потребната документација, граѓаните во затворен плик ги доставуваат до соодветната Комисија, преку Архивата на општина Охрид, ул. Димитар Влахов бр.57, секој работен ден од 09:00 до 15:00 часот.

4.5. На пликот треба да е наведено "Јавен повик за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Охрид за купување велосипеди во 2021 година. "

Република Северна
Македонија
**Општина Охрид**

Сектор за Туризам и Локален економски развој

Одделение за Локален Економски Развој

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

**5. Начин на спроведување на Јавниот повик**

5.1. За реализација на јавниот повик Градоначалникот формира Комисија за спроведување на Јавниот повик за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Охрид за купување велосипеди во 2021 година.

5.2. Јавниот повик ќе трае 5 работни дена од денот на објавување на официјалната веб страна на општина Охрид.

5.3. Лицата кои ќе бидат субвенционирани ќе бидат дополнително контактирани за доставување на трансакциска сметка.

**6. Начин на остварување на правото на надоместок**

6.1. Градоначалникот на општина Охрид врз основа на Предлогот на комисијата носи решение за одобрување на Барањата за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Охрид за купување велосипеди.

6.2. Комисијата ги известува барателите кои не ги исполниле условите согласно Јавниот повик за одбивање на барањето.

Прашања за појаснување може да се поставуваат телефонски на 046-262 492/493 локал 166 или писмено по електронски пат до Сектор за локален економски развој info@ohridler.gov.mk.

Одобрил:
Сектор за ТЛЕР
Раководител
М-р Ѓоко Апостолов

Република Северна Македонија
Градоначалник на општина
ОХРИД

Општина Охрид
Градоначалник
Константин Георгиески